Република Северна Македонија
Општинско основно училиште
САНДО МАСЕВ п.о.
Бр. 08-907/1
21.09 2026 год.
Струмица

ООУ ,, САНДО МАСЕВ ,, - СТРУМИЦА

ПРОГРАМА ЗА ИЗВЕДУВАЊЕ НА ТРИДНЕВНА ЕКСКУРЗИЈА СО УЧЕНИЦИТЕ ОД 9-ТО ОДД.

УЧЕБНА 2026/27 ГОД.

Врз основа на член 6 од Правилникот за начинот на изведување на ученичките екскурзии и другите слободни активности на учениците од основните училишта бр.12-10853/1 од 04.08.2025 година, како и годишната програма за работа на училиштето, Стручниот тим при ООУ„Сандо Масев" – Струмица изготви

ПРОГРАМА ЗА РЕАЛИЗАЦИЈА НА ТРИДНЕВНА НАСТАВНО - НАУЧНА ЕКСКУРЗИЈА ЗА УЧЕНИЦИТЕ ОД 9-ТО ОДД. ПРИ ООУ „САНДО МАСЕВ" - СТРУМИЦА ЗА УЧЕБНАТА 2026/27 ГОДИНА

Време на реализација: октомври - ноември 2026 година

ВОСПИТНО – ОБРАЗОВНИ ЦЕЛИ:

Со реализација на оваа наставна екскурзија,со општ воспитно-образовен карактер, цел на оваа екскурзија е да се повторат и утврдат веќе стекнатите знаења, односно учениците треба да усвојат суштински систематизирани и научно потврдени знаења за минатото и сегашноста, да придонесат во изградување на вредносен систем на однесување кон својот народ и држава, кон другите народи и држави, како и да се подлабочи интересот за понатамошно изучување на историските настани и процеси .

- совладување и проширување на знаењата на учениците, повторување и утврдување на стекнатите знаења,
- стекнување на суштински систематизирани и научно потврдени знаења за минатото и сегашноста
- изградување на вредносен систем на однесување кон својот народ и државата, кон другите народи и држави
- подлабочување на интересот за понатамошно изучување на историските настани и процеси .
- примена на вештини и ставови преку непосредно запознавање на појавите и односите во средината, културно историски знаменитости и научни институции.

ЗАДАЧИ:

- изучување и истражување на објекти и појави во природата
- развивање интерес за природата и градење еколошки навики
- запознавање со културата и начинот на живеење на лугето во одделни краеви
- градење чуство на патриотизам, толеранција и соживот
- развивање позитивен однос кон националните, културните и естетски вредности
- социјализација и стекнување искуство за осамостојување и грижа за себе

ЛОКАЦИИ ЗА ПОСЕТА И ПРАВЦИ НА ПАТУВАЊЕ	**Патни правци:** **1 ден** Струмица (преку Валандово) - Прилеп - Битола - Охрид Ноќевање во хотел (Охрид) **Локации:** Локалитет Стоби, Прилеп (Могила), Битола (Хераклеа) **2 ден** Охрид - Струга - Охрид **Локации:** Охрид (Стари Град, Плаошник, Антички театар, Самоилова тврдина) Струга - Манастирот ,,Свети Наум" Ноќевање во хотел (Охрид) **3 ден** Охрид - Струга - Скопје - Струмица **Локации:** Струга - Мостот на реката Дрим Маврово - Св.,,Јован Бигорски"

СОДРЖИНИ И АКТИВНОСТИ	❖ Посета на манастири, музеи и локалитети од историско значење и развивање позитивен однос кон националните, културните и естетски вредности ❖ набљудување на појави во природата и развивање интерес за природата љубов и градење еколошки навики

	❖ истражување на културите во тие краишта
цели	❖ Учениците да се запознаат со културно - верските објекти ❖ Да воочат различни градби и култури, од историско значење ❖ Да ги набљудуваат појавите во природата и да го збогатат знаењето за флората и фауната со цел развивање на љубов кон екологијата ❖ Да се запознаат со природните убавини од источниот дел на Македонија ❖ Учениците да применуваат правила за убаво однесување при сместување и културно однесување при јадење и во хотелот

1 Ден

Наставни цели	**Место на реализација**	**Активности**	**Време на реализација**
-Учениците да се запознаат со културно - верските објекти -Да воочат различни градби и култури	Прилеп	Локалитет Стоби Могила	8:00 -16:00
Набљудување на појави во природата	Битола	Хераклеа - Битола, Широк сокак	16:00 - 18:00
-Учениците да применуваат правила за убаво однесување при сместување и културно однесување при јадење и во хотелот	Охрид	Сместување во хотелот	Во вечерните часови

2 Ден

Наставни цели	**Место на реализација**	**Активности**	**Време на реализација**
Посета на манастири од историско значење	Охрид	Охрид (Стари Град, Плаошник, Антички театар, Самоилова тврдина)	Наутро во претпладневните часови

Да го збогатат знаењето за флората и фауната Развивање на љубов кон екологијата Да се запознаат со природните убавини од западниот дел на Македонија		Наколна населба, Манастир ,,Св.Наум"	Попладне после ручек
Учениците да применуваат правила за убаво однесување при сместување и културно однесување при јадење и во хотелот	Охрид	Ноќевање во хотел во Охрид	

3 Ден

Наставни цели	**Место на реализација**	**Активности**	
Посета на објекти со историско значење и запознавање со случувањата и судбините на невини луѓе Разгледување на стари градби и објекти	Струга Маврово	Мостот на реката Дрим Св.,,Јован Бигорски"	Наутро во претпладневните часови
Да го збогатат знаењето за флората и фауната Развивање на љубов кон екологијата Да се запознаат со природните убавини од централниот дел на Македонија	Скопје	Ручек Посета на Археолошки музеј	Попладне после ручек Тргнување за Струмица во попладневните часови

ВРЕМЕ НА ИЗВЕДУВАЊЕ И ВРЕМЕТРАЕЊЕ - октомври - ноември, во времетраење од три дена

ВКУПНО УЧЕНИЦИ ВО 9 то одд. - 146

НАПОМЕНА - доколку некоја од наведените локации не биде посетена од определени причини (на пр., временска непогода), тогаш ќе биде заменета со друга локација.

ТЕХНИЧКА ОРГАНИЗАЦИЈА:
Спроведување на постапка со барање за прибирање на понуди за организирање на екскурзии и други слободни активности со објавување на оглас во најмалку два дневни весника, од кои најмалку во по еден од весниците што се издаваат на македонски јазик и во весниците што се издаваат на јазикот што го зборуваат најмалку 20 % од граѓаните кои зборуваат јазик различен од македонскиот јазик. Формирање на Комисија за прибирање на понудите и спроведување на постапката.

НАЧИН НА ФИНАНСИРАЊЕ:
Финанасиски средства ке бидат обезбедени од родителите на учениците. Финансиските средства родителите ќе ги уплаќаат на сметка на избраната агенција за организирање на екскурзијата. Туристичката агенција ќе биде избрана од страна на комисијата по пропишаните критериуми за исполнетост на условите.

Стручен тим за подготовка на Програмата
за наставно - научна екскурзија за учениците
од 9-то одделение од деветгодишно основно образование

- Ксенија Граматикова - директор К.Граматикова
- Ванеса Стојкова - педагог _____
- Даниела Атанасова - одделенски раководител Д. Атанасова
- Емилија Гоцевска - одделенски раководител _____
- Аце Стојанов - наставник по историја _____
- Јелена Василева - наставник по англиски јазик _____

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА ОСНОВНО УЧИЛИШТЕ САНДО МАСЕВ Струмица